Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Скопје/Shkup, 4 јули 2023 година/viti
Бр./Nr.: 41-6587/2

До Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

Скопје

# ИЗВАДОК
## од Нацрт – записникот од Сто шеесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 јули 2023 година

**ТОЧКА 20:** Прашања и предлози

Владата во врска со Јавниот повик бр.01/2023 за пријавување на заинтересирани лица за именување на 7 (седум) члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ – Пробиштип, ги донесе следните заклучоци:

1. Да ја запре постапката поврзана со Јавниот повик бр.01/2023 за пријавување на заинтересирани лица за именување на 7 (седум) члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“-Пробиштип, со оглед дека на почетокот дејствијата што требале да се преземат согласно подзаконскиот акт биле задоцнети за да се спроведе законита постапка за административна селекција.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во најкраток можен рок повторно да објави јавен повик и истовремено со денот на објавата на повикот да ја извести Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, со цел навремено спроведување на фазите во постапката за селекција.

3. Се задолжува генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија да ја усогласи донесената Процедура за спроведување на постапка за именување и разрешување на членови на управни и надзорни одбори на јавни претпријатија, бр.15-5169/1 од 26.05.2023 година со Законот за јавните претпријатија и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Sekretariati i Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
Bul. „Ilinden“ nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 283/22).

Заменик на генералниот секретар на Владата на
Република Северна Македонија

Zëvendëssekretari i përgjithshëm i Qeverisë së
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Tahir Hani

Подготвил: Христијан Николов, помлад соработник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор